# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА Е-УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИК „МЕНАЏМЕНТ ВО ТУРИЗМОТ” ОД Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ И Д-Р ТРАЈКО МИЦЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“, бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09, 115/10 и 17/11 год), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала (Универзитетски гласник бр. 18, јануари 2011 год.), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика на 109. седница, одржана на 14.2.2014 година, донесе Одлука за издавање универзитетски учебник „Менаџмент во туризмот” и Одлука за избор на рецензенти за учебникот „Менаџмент во туризмот” по предметот Менаџмент во туризмот.

За рецензирање на ракописот „Менаџмент во туризмот” од авторите проф. д-р Златко Јаковлев и проф. Д-р Трајко Мицески се избрани следниве рецензенти:

– проф. д-р Лидија Симонческа, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство – Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола;
– доц. д-р Билјана Петревска, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– доц. д-р Мимоза Серафимова, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на приложениот ракопис за универзитетскиот учебник „Менаџмент во туризмот” од авторите проф. д-р Златко Јаковлев и проф. д-р Трајко Мицески, наменет за студентите од насоките: Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика – прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за учебникот „Менаџмент во туризмот” од авторите проф. д-р Златко Јаковлев и проф. д-р Трајко Мицески е компатибилен со Наставната програма на предметот Менаџмент во туризмот, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во втор семестар на додипломските студии. Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2013/2014 година, се вреднува со 6 кредити.

Ракописот е напишан според критериумите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови, при што се слуша како задолжителен предмет на насоката Туризам во Гевгелија со 2+2+1 во втор семестар. Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите и се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на предметот Менаџмент во туризмот. Во таа смисла, во ракописот детално се разработени 10 глави, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на менаџментот воопшто, а посебно во туризмот.

Пишаниот материјал ја третира проблематиката на еден од поважните сегменти во развојот на туризмот, а тоа е потребата од менаџирање во туризмот. Во процесот на развој на туризмот како феномен на 21 век, менаџментот е еден од најважните сегменти на туристичката понуда, па истиот се наметнува како императив. Понудениот ракопис укажува на потребата дека туристичката понуда, единствено преку ефективно менаџирање, е во можност да ја зголеми економската ефикасност во нејзиното работење, но едновремено водејќи грижа и не занемарувајќи ги хуманистичките димензии на туризмот.

Сите напори за зголемување на туристичкиот промет и проширување на економската корист од туризмот се само толку делотворни, колку што се базирани врз потребите, желбите, склоностите и навиките на посетителите, како и ефикасно менаџирање со туристичката услуга. Иако постојат одреден број автори кои се занимавале со проучување на оваа проблематика од теоретски аспект, сепак мал е бројот на истражувања од оваа област во нашата земја. Оттука, понудениот пишан материјал ја проучува од научен и стручен аспект проблематиката за потребата, значењето и оправданоста на менаџментот во туризмот и негово адекватно имплементирање во сите сфери на општествено економскиот систем на Република Македонија.

Во поднесениот ракопис на еден многу конкретен начин, преку приказ на соодветни примери, се даваат јасни и детални осврти на најинтересните точки кои го третираат менаџментот во туризмот, како исклучително актуелна проблематика.

Ракописот методолошки е структуриран во 10 глави кои меѓусебе се надополнуваат. Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава.

Првата глава е насловена *Теоретски аспекти на менаџментот*. Најнапред е направен осврт на теоретските аспекти на оваа проблематика, притоа задржувајќи се на поимните определби и дефинирањето на менаџментот во туризмот и неговата комплексност.

Втората глава е насловена *Менаџмент пристапи*. Во неа, во кратки црти се разработени менаџмент функциите, како што се: планирањето, организирањето, раководењето, координирањето, мотивирањето, контролирањето и одлучувањето.

Третата глава ја обработува проблематиката за нивоа менаџментот. Оттука, интерес предизвикува точката за потребните способности на менаџерите за менаџерските нивоа.

Четвртата глава, насловена како *Менаџмент функции*, во детали ги објаснува и анализира планирањето, организирањето, раководењето, координирањето, мотивирањето, контролирањето и одлучувањето.

Петтата глава е насловена *Етика во менаџментот*. Во неа се презентирани некои разлики во етиката, моралот, економијата и културата во развиените стопански земји, присутните ефекти на анимацијата: директните (економски) ефекти, индиректните ефекти (ефекти на очекувано задоволство), како и општествените ефекти (реноме на дестинацијата). Едновремено се разработени и точките кои се однесуват на етиката на менаџерот и етиката на бизнисот кон општествената одговорност.

Шестата глава го разработува управувањето со промените. Оттука, разработени се: техники за иницирање на промените и динамика на организациски раст и развој.

Седмата глава исцрпно и детално ги третира сите круцијални прашања поврзани со управување со операциите и процесите. Дадено е: управување со производните процеси, со технологијата, со материјалите, набавката и залихите, со квалитетот, со услугите и со информациските состави.

Осмата глава се однесува на менаџментот во туризмот, каде што посебно се согледува улогата на туризмот во меѓународната економија.

Деветтата глава го третира современиот менаџмент во туризмот, каде што посебно се разработени нивоата на менаџментот во туризмот, како и состојбата на менаџментот во туризмот во Република Македонија.

Последната глава се однесува на менаџмент на анимацијата во туризмот, каде што посебно се разработени планирањето на анимацијата во туризмот, организирањето на анимацијата во туризмот и управување на анимацијата во туризмот.

На крајот, соодветно се нотирани сите библиографски единици кои се цитирани во текстот. Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторите покажуваат големи стручни и научни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирање на овие сложени прашања од областа на менаџментот во туризмот е многу пристапен со примена на јасни примери од непосредната практика, што овозможува стекнување многу јасна слика за подготовка на наставниот час по предметот Менаџмент во туризмот.

Сметаме дека материјалот, како универзитетски учебник, претставува извонредна основа за подготовка на студентите во делот на теоретските барања, но едновремено и

практичните потреби по предметот Менаџмент во туризмот, за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија. Концизното и експлицитно презентирање на проблематика од областа на менаџментот дава голема можност за користење на овој материјал и од страна на сите оние чинители кои на каков било начин се директно или индиректно поврзани со развојот на туризмот.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за универзитетски учебник „Менаџмент во туризмот" од авторите проф. д-р Златко Јаковлев и проф. д-р Трајко Мицески разработува едно од покомплексните прашања присутни во теоретската мисла, која го проучува феноменот туризам. Прашањето за апликативна примена на менаџмент во туризмот е актуелно и постојано иницира мотиви за негово натамошно проучување. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Менаџмент во туризмот, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во втор семестар на додипломските студии на насоката Туризам.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање универзитетски учебник, пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Менаџмент во туризмот" од авторите проф. д-р Златко Јаковлев и проф. д-р Трајко Мицески да биде издаден во електронска форма како универзитетски учебник за потребите на студентите на додипломските студии на насоката Туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Лидија Симонческа, с.р.**
**Д-р Билјана Петревска, с.р.**
**Д-р Мимоза Серафимова, с.р.**